РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 16 -03- 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-401/1 | | | |


**До: Општина Битола**

# БАРАЊЕ

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 101/19), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Ве молиме да ни ги доставите следните информации од спроведената постапка за јавна набавка бр. 20375/2021:**

- **Детална техничка спецификација на набавената индустриска сол;**
- **Цената која сте ја платиле по тон индустриска сол (со или без ДДВ);**
- **Количина на набавена индустриска сол и**
- **Вредност на договорот**

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
**- г) електронски запис**
- д) друго-----------------------------------------------------------------------

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
**- г) е-маил**
- д) друго-----------------------------------------------------------------------

Барател на информацијата:

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во **Скопје**
Датум: **14.03.2022**

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Славица Димитровска
Раководител на одделение за јавни набавки

Бр.11-40/2
16.03.2022

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-40/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од

Ве молам за писмено известување (одговор) по однос на точка 1 и точка 4 во рок од 5 работни дена.

Примив!
17.03.2022

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
IV
ОПШТИНА БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Весна Георгиевска
Раководител на одделение за сметководство

Бр.11-40/3
16.03.2022

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-40/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од

Ве молам за писмено известување (одговор) по однос на точка 2 и точка 3 во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за финансиски прашања**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 21-03-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-40/4 | | | |

До
Цветанка Ристевска
Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

бр.22-1/109
21.03.2022г.

ПРЕДМЕТ- доставување на информации по Барање бр.11-40/3

Во врска со Јавната набавка бр.20375/2021

За точка 2 за цената која е платена - за еден тон индустриска сол без ДДВ е 2.587,00ден. а со ДДВ 3052,70ден.

За точка 3 количина на набавена индустриска сол заклучно со 15.03.2022 набавено е вкупно 448 тони.

Битола
21.03.2022

Одделение за сметководство
Олга Толевска

---------------------------------

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 328 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 21-03-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-40/6 | | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за финансиски прашања**

*Бр.24-2/3/2022*
*21.03.2022*

*До*

*Цветанка Ристевска*

*Лице за посредување при остварување*
*На пристап до информации од јавен*
*карактер*

## *ПРЕДМЕТ: Одговор на барање бр. 11-40/2*

***Почитувана,***

***Врска Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер Бр. 11-40/2 од 18.02.2022, Ви ги доставуваме следната документација:***

1. ***1. Детална техничка спецификација за набавка на индустриска сол за заштита во зимскиот период***
2. ***Ви доставуваме договор склучен по јавна набавка бр. 2-375/2021 во кој е содржана вредноста и единечната цена по тон. Утврдената количина е 600 тона за период од една година.***

***Со почит,***

**Одделение за јавни набавки**
**Раководител**
**Славица Димитровска**

ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА

## ИНДУСТРИСКА СОЛ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ПАТИШТА ВО ЗИМСКИОТ ПЕРИОД- 600 ТОНИ

Индустриската сол која е предмет на набавката и истата се користи за одржување на патиштата во зимскиот период потребно е да ги има следните минималните карактеристики т.е следниот состав:

1. Nacl (натриум хлорид) - Чистота – мин.96%

2. Гранулометриски состав

   Големина на зрната да се движи во следниот состав:
   - помали од 0,1 мм ≤10%
   - Од 0,1 мм до 3,0 мм ≥ 83%
   - Од 3,0 мм до 5,0 мм ≤ 7%

3. Влажност на солта - максимум 3%

4. Запреминска тежина од 1,0т/м3 до 1,1т/м3

Испораката на индустриската сол е РЕФУС Економските оператори како доказ за квалитетот на материјалот во прилог на понудата да достават извештај издаден од акредитирана лабараторија ( не постар од шест месеци), каде ќе биде прикажано дека материјалот предмет на договорот ( испорака) ги задоволува барањата од техничките спецификации.

Атести/сертификати од производителот не се прифаќаат **освен од** **акредитирана лабараторија.**

08 - 1069/1

Друштво за производство услуги и трговија
**МН КОМПАНИ** ДОО
Бр. 0307-21
23.12.2021 год.
ГОСТИВАР

# Д О Г О В О Р

Склучен на ден ______________во Општина Битола помеѓу:

1.ОПШТИНА БИТОЛА – со седиште на „Булевар 1-ви Мај" бр. 61-Битола, застапувана од Градоначалникот, Тони Коњановски (во натамошниот текст: *Договорен орган*) од една страна и

2. **МН КОМПАНИ ДОО Гостивар** со седиште на ул.„Светозар Спироски" бр.16 Гостивар, со ЕДБ 4007992101244 застапувано од одговорното лице Чедомир Миркоски (во натамошниот текст: ***Економски оператор***) **од друга страна.**

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Со овој Договор се регулираат меѓусебните односи на договорните страни за испорака на стоки – предмет на овој Договор, согласно спроведената поедноставена отворена постапка, Оглас бр.20375/2021 објавена на веб страницата на Бирото за јавни набавки и Одлуката за избор на најповолен понудач бр. 08-979/2/2021 на 16.12.2021година.

Предмет на овој Договор е ***„Набавка на индустриска сол за одржување на патиштата во зимскиот период – 600 тони"***, за потребите на Договорниот орган Општина Битола сукцесивно за период од една година, согласно техничката спецификација од тендерската документација која е составен дел на Договорот.

## ВРЕДНОСТ

### Член 2

Вредноста на овој Договор изнесува **1.831.617,24** денари со ДДВ, врз основа усвоената понуда и постигнатата цена на е-аукција, а според единечните цени утврдени во понудата на Економскиот оператор и тоа:

| **Реде н број** | **Опис** | **Колич ина-** | **Мерна единица** | **Единечна цена без ДДВ со вклучени трошоци и попусти по тон** | **Увозни царини** Штоколку цената не е оптеретена со увозни царини, да се избрише(X) | **ДДВ** | **Вкупна цена (количина*ед. цена без ДДВ)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | *Набавка на индустриска сол за одржување на патиштата во зимскиот период* | 600 | тони | 2.587,03 | | 279.399,00 | 1.552.218,00 |

## НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 3**

Плаќањето на цената по член 2 на овој Договор ќе се изврши вирмански одложено во рок од 60 дена, од денот на извршената испорака и доставувањето на фактурата кон која е приложена копија од нарачката од ***Договорниот орган*** и соодветна документација за извршените испораки согласно одредбите на овој Договор.

## ВРЕМЕТРАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Договорот се склучува на определено време, за период од една (1) година од денот на склучувањето на овој Договор односно со испораката на количините утврдени во техничката спецификација.

Договорот се смета за реализиран по истекот на периодот од ставот 1 на овој член или по достигнување на максималната вкупна вредност од членот 2 на овој Договор.

## ОБВРСКИ НА ЕКОНОМСКИОТ ОПЕРАТОР

**Член 5**

***Економскиот оператор*** се обврзува испораката на стоките која е предмет на член 1 на овој Договор по однос на квалитет да ја изврши согласно доставената понуда, а во согласност со техничките спецификаци.

**Договорниот орган ќе бара од понудувачот чија понуда е избрана за најповолна да обезбеди гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во вид на банкарска гаранција во вредност од 10% од вредноста на договорот за јавна набавка и истата треба да се достави во рок од 15 (петнаесет дена од склучувањето на Договорот).**

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот. Банкарската гаранција е со важност колку и Договорот.

-Прилог на испратницата – фактурата се доставува задолжително атест/сертификат од надлежна институција во Р.Македонија (акредитирана лабараторија) со која се потврдува дека стоката ги исполнува барањата од техничката спецификација.

-Испораката на стоката е рефус.Возилата за испорака треба да се заштитени со церада.

***Економскиот оператор*** се обврзува предметот на набавка од член 1 на овој Договор да го испорача на следниов начин: по приемот на барањето –во рок од 5 дена од денот на писмената нарачка во која е содржана количината и местото на испорака.

***Економскиот оператор*** се обврзува испораката на стоките да ја изврши според видот и количината определена во член 2 од овој Договор и во рокот определен во член 7 од овој Договор.

## ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 6**

*Договорниот орган* се обврзува дека ќе ја исплати вкупната цена за испорачаната стока определена во членот 1 од овој Договор на начин определен во членот 5 од овој Договор.

## РОК И МЕСТО НА ИСПОРАКА

**Член 7**

*Економскиот оператор* испораката на стоките предмет на Договорот ќе ги извршува сукцесивно во период од 1 година од денот на склучување на Договорот согласно описот од техничката спецификација.

**Член 8**

Договорните страни се согласни дека во случај кога *Економскиот оператор* нема да ја изврши испораката во рок двојно поголем од понудениот, Договорот се смета за раскинат, а договорниот орган нема обврски за надомест за започнатите активности-испораки на економскиот оператор.

Договорниот орган може да побара нарачката да ја изврши друг економски оператор, а разликата на цената паѓа на товар на економскиот оператор од овој Договор.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 9**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине Договорот.

**Член 10**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува Договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна 15 дена по писменото известување.

## ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИ НЕДОСТАТОЦИ

**Член 11**

*Договорниот орган* има право извршените услуги да ги провери од друг економски оператор за да утврди дали постојат недостатоци, со право на рекламација.

Доколку проверката се изврши во присуство на двете страни *Договорниот орган* е должен своите забелешки поради видливите недостатоци да му ги соопшти на *Економскиот оператор* веднаш.

## ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 12**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој Договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој Договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Анекс на Договорот.

Дополнувањата и измените на овој Договор се важечки ако се направени во писмен облик и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 13**

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорените страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Битола.

**Член 14**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднообразни примероци,од кои 4(четири)за договорниот орган и 2 (два) за економскиот оператор.

| | |
|---|---|
| **ДОГОВОРЕН ОРГАН** | **ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР** |
| **ОПШТИНА БИТОЛА** | **МН КОМПАНИ ДОО Гостивар** |
| **Градоначалник** | **Одговорно лице** |
| **Тони Коњановски** | **Чедомир Миркоски** |

Друштво за производство услуги и трговија МН КОМПАНИ ДОО Гостивар

Изработил: Горјана Јоновска
Контролирал: Славица Димитровска

Прилог 1 – Образец на понуда

*(меморандум на понудувачот)*

Врз основа на огласот број 20375/2021 објавен од страна на ОПШТИНА БИТОЛА, за набавка на „

**„ИНДУСТРИСКА СОЛ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ПАТИШТА ВО ЗИМСКИОТ ПЕРИОД- 600 ТОНИ"**

со спроведување на поедноставена отворена постапка, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

## П О Н У Д А ПО АУКЦИЈА

<u>Дел I – Информации за понудувачот</u>

I.1. Име на понудувачот:МН КОМПАНИ ДОО Гостивар

I.2. Контакт информации

- Адреса: ул.Светозар Спироски бр.16 Гостивар
- Телефон: 075 420830, 075 420930
- Факс: ______________________
- E-пошта: elantrans1@live.com
- Лице за контакт: Чедомир Миркоски

I.3. Одговорно лице: Чедомир Миркоски

I.4. Даночен број:4007992101244

I.5. Матичен број: 4412273

Дел II – Техничка понуда

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве стоки:

| Реден броj | Опис | Количин а- | Мерна единица | Единечна цена без ДДВ со вклучени трошоци и попусти по тон | Увозни царини Доколку цената не е оптеретена со увозни царини, да се избрише | ДДВ | Вкупна цена (количина*ед. цена без ДДВ) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | *Набавка на индустриска сол за одржување на патишта во зимскиот период* | 600 | тон | 2.587,03 | | 279.399,00 | 1.552.218,00 |

II.2. Ѓи прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документациjа.

Дел III – Финансиска понуда

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: 1.552.218,00 *(со бројки)* (еденмилионпетстотинипедесетидвеилјадидвестаиосумнаесет) *(со букви)* денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува 279.399,00.

III.2. Нашата понуда ваши за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III. 3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум

Одговорно лице*

Гостивар, 22.12.2021

Друштво за производство услуги и трговија МИ КОМПАНИ ДОО Гостивар

(потпис)

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице

Прилог 1 – Образец на понуда

*(меморандум на понудувачот)*

Врз основа на огласот број **20375/2021** објавен од страна на ОПШТИНА БИТОЛА, за набавка на „
**„ИНДУСТРИСКА СОЛ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ПАТИШТА ВО ЗИМСКИОТ ПЕРИОД- 600 ТОНИ"**

со спроведување на поедноставена отворена постапка, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

**П О Н У Д А ПО АУКЦИЈА**

<u>Дел I – Информации за понудувачот</u>

I.1. Име на понудувачот:МН КОМПАНИ ДОО Гостивар

I.2. Контакт информации

- Адреса: ул.Светозар Спироски бр.16 Гостивар
- Телефон: 075 420830, 075 420930
- Факс: ___________________________
- Е-пошта: elantrans1@live.com
- Лице за контакт: Чедомир Миркоски

I.3. Одговорно лице: Чедомир Миркоски

I.4. Даночен број:4007992101244

I.5. Матичен број: 4412273

Дел II – Техничка понуда

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве стоки:

| Реден број | Опис | Количин а- | Мерна единица | Единечна цена без ДДВ со вклучени трошоци и попусти по тон | Увозни царини Доколку цената не е оптеретена со увозни царини, да се избрише | ДДВ | Вкупна цена (количина*ед. цена без ДДВ) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | *Набавка на индустриска сол за одржување на патишта во зимскиот период* | 600 | тон | 2.587,03 | | 279.399,00 | 1.552.218,00 |

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

Дел III – Финансиска понуда

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: **1.552.218,00** *(со бројки)* (еденмилионпетстотинипедесетидвеилјадидвестаиосумнаесет) *(со букви)* денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува **279.399,00.**

III.2. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III. 3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум

Одговорно лице*

Гостивар, 22.12.2021

Друштво за производство услуги и трговија МП КОМПАНИ ДОО Гостивар

(потпис)

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-40/6
25.03.2022

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] со стан на [redacted] поднесено на **16.03.2022 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted], по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Барање за доставување информации од спроведената постапка за јавна набавка бр. 20375/2021**(детален опис на барањето во прилог на решенисто)**

**СЕ УВАЖУВА**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] со стан на [redacted], имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-40/1
2. Допис до Одделение за јавни набавки со бр.11-40/2 од 16.03.2022
3. Допис до Одделение за сметководство со бр. 11-40/3 од 16.03.2022
4. Одговор од Одделение за сметководство со бр.11-40/4 од 21.03.2022
5. Одговор од Одделение за јавни набавки со бр.11-40/5 од 21.03.2022

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 25.03.2022 година, под бр. 11-40/6.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Цветанка Ристевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА